

# ДЛУМ
# ГОДИШНА ИЗЛОЖБА
2024

Друштво на ликовни уметници на Македонија

Годишна изложба на Друштвото на ликовни уметници на Македонија- ДЛУМ 2024 г. со секое ново претставување дава исклучителна можност за запознавање со ликовната продукција на најголемиот број членови во тек на последната календарска година.

Ова групно претставување ја прави изложбата потполно хетерогена, со обединувачки карактер виден во дефинираната временска рамка и разновидноста на изложените ликовни дела како носечки концепт. Значењето на оваа изложба се согледува најдиректно во ликовно-историски контекст, бидејќи со неа се овозможува преглед и разбирање на тековните интереси и активности на членовите на ДЛУМ. Таа е неселективна, со цел да ги прикаже актуелните ликовни стилови и техники, како на сите учесници, членови на ДЛУМ со јасно согледување да им го овозможи своето место во ликовниот простор. Колекцијата на дела обединува разновидна група уметници кои ја истражуваат длабоката врска помеѓу стандардните стилови и ликовни техники, преку актуелните нови трендови со употреба на современи визуелни изразни средства, како и во дела со концептуални и интердисциплинарни содржини. Следејќи го овој аналитички дискурс, јасно е дека изложените дела навлегуваат во повеќе меѓусебно поврзани реалности каде што границите помеѓу физичкото и метафизичкото се преиспитуваат со јазикот на боите, формите, линиите. Оваа година уметниците ја доведуваат во прашање природата на самата реалност и нејзината индивидуална перцепција. На тој начин, посебноста на секое дело е да понуди единствена перспектива на овие теми.

Од традиционално сликарство до извонредни дигитални искуства, изложените дела на членовите на ДЛУМ предизвикуваат и инспирираат на промислување на актуелните предизвици и со самото тоа повикуваат на одговорно и активно делување на публиката во сите сфери на општествениот живот. На овој начин, ДЛУМ го потврдува капацитетот на ликовните дела на своите членови постојано да иницираат квалитетно творештво во поширок културен, Филозофски и социјален контекст.

**Проф.д-р Јана Манева-Чупоска**
*Претседател на ДЛУМ*

**Маја Рауник Кирков**
*Претседател на Уметнички совет на ДЛУМ*



**Слободан Милошески**
*„Интроспекција"*,
Инокс,
2024



**Мирјана Крстева Массетти**
*„Исповед XXV"*
Комбинирана техника на платно,
2024

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

7.036/038(497.7)(06.064)

ДЛУМ годишна изложба : 2024 / [одговорен уредник Јана Манева-Чупоска ; текст Јана Манева-Чупоска, Маја Рауник Кирков]. - Скопје : Друштво на ликовните уметници на Македонија, 2024. - [36] стр. : илустр. ; 21x21 см

ISBN 978-9989-797-59-0

а) ДЛУМ -- Изложби б) Современа уметност -- Македонија -- Изложби

COBISS.MK-ID 64699141